интерпромет
а. д.
Бр. 0201-137/1
25.04. 2023 год.
ТЕТОВО

Врз основа на член 384, член 385 и член 387 од Законот за трговските друштва, и членовите 21 и 23 од Статутот на ИНТЕПРОМЕТ АД Тетово, а согласно Одлуката за свикување на редовно годишно собрание на акционери Бр.0202-136/1 од 25.04.2023 година, Управниот одбор на друштвото, УПАТУВА

## П О В И К
## ДО СИТЕ АКЦИОНЕРИ НА ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО
## ЗА УЧЕСТВО НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ

СЕ ИЗВЕСТУВААТ акционерите на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово дека годишното Собрание на акционери ќе се одржи на ден 30.05.2023 година (вторник), со почеток во 10:00 часот, во просториите на друштвото на ул. Илинденска бр.18-А Тетово, со предлог на следниот

### ДНЕВЕН РЕД

1. Утврдување на кворум за работа, избор на претседавач на собрание, избор на бројач на гласови и нотар како записничар.
2. Усвојување на записникот ОДУ 172/22 од 10.06.2022 год., од собрание на акционери одржано на ден 10.06.2022 година.
3. Разгледување и Предлог-Одлука за усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај на друштвото за 2022 год. како и Предлог-Одлука за усвојување на извештајот на ревизијата на годишната сметка за 2022 година.
4. Разгледување и Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за работење на друштвото и органите на управување на друштвото како и Предлог-Одлука за одобрување на работата на органите на управување и на надзорниот одбор на друштвото.
5. Донесување на Одлука за отповикување и избор на членови на Надзорен одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово.
6. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финасиските извештаи на друштвото за 2023 година.

Право на учество на годишното собрание имаат сите акционери запишани во акционерската книга на друштвото, лично или нивни застапници кои ќе приложат НОВО ПОЛНОМОШНО (бидејќи во акционерската книга во меѓувреме има испишано акционери и запишано нови акционери) согласно член 392 од ЗТД.

Пријава за учество во собранието акционерот или неговиот застапник е должен да достави до друштвото најдоцна пред почетокот на седница на собранието.

Секој акционер може да овласти полномошник со писмено полномошно за учеството на собранието, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат и електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошствата и образците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната страница на Друштвото.

Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка, како и по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја точка кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуките и прашања најдоцна во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик.

Собранието одлучува само за прашањата уредно ставени на дневен ред.

Акционерите може да направат увид во материјалите по прашањата од дневниот ред на собранието почнувајќи од 19.05.2023 год. до 29.05.2023 година, во времето од 10:00 до 15:00 часот, во деловните простории на друштвото на ул. Илинденска бр. 18-А Тетово и на веб-страницата на друштвото.

Официјалната интернет страница на друштвото е www.interpromet.mk

УПРАВЕН ОДБОР НА
ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО